Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-42/6
02-03-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-42/1 од 9.1.2023 година поднесена од [redacted] во име на [redacted] против Министерство за труд и социјална политика, за извршена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на социјална сигурност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 2.3.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на социјална сигурност сторена од страна на Министерството за труд и социјална политика на РСМ врз лицата со попреченост и трајни промени во здравствената состојба кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, со потреба од контролен преглед.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-42/1 од 9.1.2023 година, од страна на [redacted] во име на [redacted], против Министерство за труд и социјална политика, за извршена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на социјална сигурност.

Во претставката подносителката најпрво истакнува дека е сестра на [redacted], лице со посебни потреби и корисник на туѓа нега, кој прави контролни прегледи заедно со сите други лица корисници на туѓа нега како него. Подносителката понатаму вели дека кога од Министерството за труд и социјална политика објавиле кои лица, согласно Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, ќе добијат финансиска помош, било истакнато дека само корисниците на туѓа нега кои не одат на контролни прегледи ќе добијат финансиска помош, додека истата нема да им следува на корисниците на туѓа нега кои одат на контролни прегледи. Во таа насока, [redacted] наведува дека сите лица носители и корисници на правото на туѓа нега, како оние со контролни прегледи, така и оние без, се лица со посебни потреби и на сите нив им е потребна финансиска помош. Во конкретниот случај, таа смета корисниците на туѓа нега кои одат на контролни прегледи, во кои спаѓа и нејзиниот брат [redacted] се дискриминирани во споредба со оние кои не одат, без притоа да постои оправдана причина за истото.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.1.2022 година испрати Известување бр. 08-42/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за труд и социјална политика на РСМ.

На ден 27.1.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на Министерството за труд и социјална политика.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во одговорот, од Министерството прво известуваат дека Владата на Република Северна Македонија на осумдесет и осмата седница, одржана на 9 октомври 2022 година, усвоила економски мерки за справување со ефектите од енергетската и ценовната криза, при што новиот пакет антикризни мерки содржи таргетирани мерки насочени кон најранливите категории на граѓани, кои досега не користеле ниту една од дотогаш имплементираните мерки за оваа цел.

Со овие мерки се предвиде доделување на финансиска поддршка за определените најранливи категории на граѓани, и тоа:

- ранливи категории на граѓани кои користат одредени права од социјална заштита, заштита на децата или невработени лица – корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок, во вкупен износ од 12.000 денари, односно по 3.000 денари за период од четири месеци, за што се обезбедени финансиски средства во висина од 502.536.000 денари
- приматели на пензија до 11.500 и приматели на пензија до 14.000 денари, за што се обезбедени финансиски средства во висина од 748.033.000 денари.

Со цел имплементација на економските мерки за справување со енергетската и ценовната криза, се донел Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, со кој се определила финансиска помош на ранливи категории на граѓани и тоа:

- корисници на право на социјална сигурност на стари лица;
- корисници на посебен додаток
- корисници на правото на надоместок заради попреченост
- лица со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед
- самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош
- корисници на право на пензија во висина до 14.000 денари
- корисници на право на надоместок за телесно оштетување и невработени лица – корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.

Последно, од Министерството истакнуваат дека со оглед на тоа што Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза е од времен карактер, односно неговата примена престанува по истекот на четири месеци од денот на донесувањето, сметаат дека не е целисходно да се изврши негово изменување и дополнување.

Поради прибирање на дополнителни информации во врска со наводите од претставката, а со цел кредибилно и мериторно одлучување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 6.2.2023 година испрати Барање за доставување информации до Министерството за труд и социјална политика, заведено под бр. 08-42/4. Во Барањето беше побаран одговор на следното прашање:

Дали лицата со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, **со потреба од контролен преглед**, биле земени предвид при изготвување на Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 246/22) и која е причината поради која истите тие лица не се предвидени како приматели на финансиска помош во Законот? Поконкретно, дали постои суштинска разлика во состојбата на двете категории на лица со попреченост, од која произлегува одредена **легитимна цел за нивно исклучување**?

На ден 20.2.2023 година до Комисијата пристигна одговор на Барањето за достава на информации. Во него, најпрво се посочува дека новиот пакет антикризни мерки содржи таргетирани мерки насочени кон најранливите категории на граѓани, кои дотогаш не користеле ниту една од имплементираните мерки за таа цел. Со овие мерки се предвидело доделување на финансиска поддршка за определени најранливи категории на граѓани, кои категории се наведени во претходниот одговор од страна на Министерството. Напоменуваат дека во групата најранливи категории на граѓани се и лицата со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед. Односно, здравствената состојба на таа категорија корисници од страна на стручна лекарска комисија е оценета како трајна, без можност за подобрување на истата, за разлика од лицата кои го користат правото на надоместок за помош и нега од друго лице со контролен преглед, определен од страна на стручната лекарска комисија.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација, односно утврди дека не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите. “.*

Имено, во конкретниот случај станува збор за две различни категории на лица со попреченост. Оние кои биле предвидени со Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза се лицата со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед. Кај нив, стручна лекарска комисија оценила дека таквата состојба е дефинитивна и доживотна, поради што не се потребни понатамошни контролни прегледи за оценување на состојбата. Од друга страна, кај лицата со попреченост кои се упатени на контролни прегледи, а во кои спаѓа и Иванчо Јорданов, стручната лекарска комисија оценила дека поради можност за подобрување на состојбата, потребни се контролни прегледи на одреден временски период.

Министерството за труд и социјална политика, поаѓајќи од целта и идејата на Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, а тоа е да понуди финансиска поддршка на најранливите категории на граѓани во време на енергетска криза, проценила дека поради трајната состојба на првата категорија на лица со попреченост, наспроти можноста за подобрување на состојбата кај лицата од другата категорија, само првите би добиле финансиска поддршка. Поради ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека Министерството за труд и социјална политика имало легитимна причина за доделувањето на финансиска помош единствено на наведената категорија на лица со попреченост.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена

дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост во областа на социјална сигурност од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Скопје
2.3.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
Дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за за труд и социјална политика, ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје